РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

| Примено: | 08.02.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организац. | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 144/2 | - | - |

Арх. знак 01.0.0308
Рок на чување 15
27.12.2020 год.
Потпис

**Прилог 1**

( Образец ПП……)

**До:** Општина Демир Хисар
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Колку кучиња скитници се заловени, третирани, и вдомени во текот на 2020 година

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- (в) фотокопија
- (г) електронски запис
- д) друго Фотокопија по е-пошта

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- (г) е-маил
- (д) друго со лично доставување до барателот

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис** [redacted]

**Во** Демир Хисар, 08.02 **2021 година .**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар
--------------------------------------------
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09-144/4
17.02.2021
Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk

До
[redacted]

**Предмет:** Доставување на информација од јавен карактер,

Во врска со Вашите барања за пристап до информации од јавен карактер доставени до Општина Демир Хисар на 08.02.2021 година, заведени во архива на Општина Демир Хисар на 08.02.2021 година под број 09-144/1 и 09-144/2, службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесе Решение за позитивен одговор на Вашите барања бр.09-144/3 и врз основа на тоа, во прилог Ви ги доставуваме бараните информации:

-Прифатилиштето за кучиња-скитници е во приватна сопственост на Ветеринарна амбуланта Зебра Ветерина ДОО Демир Хисар. Во него престојуваат кучиња-скитници само на одредено време додека се направат испитувања, третман и набљудување а потоа или се вдомуваат или се враќаат во местото на заловување. Постојано згрижени кучиња во прифатилиштето за потребите на општината нема, така да бројот во одредени периоди е различен. Во моментов договорот за 2020 година е завршен така да немаат обврски кон општината.

-Во текот на 2020 година, согласно „Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар" (Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.2/2020), по објавен јавен повик и склучен договор за „Заловување, прифаќање и третирање на кучиња скитници во Општина Демир Хисар за 2020 година" бр.05-176/4 од 09.03.2020 година со Ветеринарна амбуланта Зебра Ветерина ДОО Демир Хисар, заловени се вкупно 62 кучиња скитници и соодветно третирани (се прави идентификација и евиденција, лабораториски испитувања и вакцинација, стерилизација или кастрација и еутаназија кога е потребно. Од нив во прифатилиште престојувале 12 кучиња на одредено време а 17 биле на постоперативна нега и времено сместување. Вдомени се 15 кучиња.

Изработил,
Сузана Цуцуловска, раководител на Одделение за инспекциски надзор-инспекторат на Општина Демир Хисар

м-р Игор Дамјаноски, службено лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски